# ДЕЦА & ЖЕНИ

## ШТО ВЕЛАТ БРОЈКИТЕ



КЛУЧНИ НАОДИ ОД МУЛТИИНДИКАТОРСКОТО КЛАСТЕРСКО ИСТРАЖУВАЊЕ - 2011

unicef

Мултииндикаторското кластерско истражување или МИКС е меѓународна програма за истражување на домаќинствата која ја подготви и ја поддржува УНИЦЕФ. Преку ова истражување се добиваат најнови информации за состојбата на децата и на жените кои помагаат полесно да се следи напредокот во остварувањето на Милениумските развојни цели и на други договорени меѓународни обврски. Истражувањето опфаќа репрезентативен национален примерок на домаќинства, жени и деца.  Во нашата земја освен истражување на национален репрезентативен примерок исто така се спроведе истражување на посебен примерок во Ромските населби. Наодите ја укажуваат состојбата со различни детски права. Наодите од националниот репрезентативен примерок се обележани со сино додека оние за Ромите се обележани со зелено.

Национален примерок:
Домаќинства: 4018
Жени: 3831
Деца под пет години: 1376

Ромски населби:
Домаќинства: 953
Жени: 1091
Деца под пет години: 476

ОПИС ■ Национален примерок ■ Ромски населби

unicef

**За целосна информација во врска со истражувањето и методологијата која беше користена симнете го целиот извештај *„Република Македонија, Мулти-индикаторското кластерско истражување 2011“* од www.unicef.mk**

# Карактеристики на домаќинствата

## ПОДЕЛБА НА ЧЛЕНОВИТЕ НА ДОМАЌИНСТВОТО СПОРЕД ВОЗРАСТ И ПОЛ

### НАЦИОНАЛЕН ПРИМЕРОК




### РОМСКИ НАСЕЛБИ




Машки деца (0-17)

Женски деца (0-17)

Мажи (+18)

Жени (+18)




**ДЕЦА ПОД ПЕТ ГОДИНИ КОИ ЖИВЕАТ СО ДВАТА РОДИТЕЛИ**




ОПИС ■ Национален примерок ■ Ромски населби

# Право на здравје и исхрана

## НАЧИНИ НА ПЛАНИРАЊЕ НА СЕМЕЈСТВОТО НА ЖЕНИ КОИ СЕ ВО БРАК ИЛИ ЖИВЕАТ ВО ЗАЕДНИЦА

Бројките покажуваат дека процентот на жени кои се информирани за контрацепција е многу висок. Сепак скоро секоја петта жена сака да го одложи забременувањето или сака да престане со раѓање во моментот не користи контрацепција.




**ЗДРАВЈЕ НА МАЈКИТЕ И ДЕЦАТА**

## МЛАДИ ЖЕНИ НА ВОЗРАСТ ОД 15-19 ГОДИНИ КОИ РОДИЛЕ ИЛИ СЕ МОМЕНТАЛНО БРЕМЕНИ

Бројките покажуваат дека застапеноста на млади жени на возраст од 15 до 19 години кои родиле дете или се моментално бремени е мала на ниво на национален примерок. Но скоро секоја петта Ромка на возраст од 15 до 19 години родила дете или е моментално бремена.




## ПОСЛЕДНОТО ДЕТЕ КОЕ Е РОДЕНО ВО ИЗМИНАТИТЕ ДВЕ ГОДИНИ СО ЦАРСКИ РЕЗ

Начинот на кој е извршено породувањето може да го загрози здравјето на мајките и новорденчињата. СЗО наведува дека процентот на жени кои се породуваат со царски рез не треба да надминува 15%. Бројот на деца кои се раѓаат со царски рез се зголемува со образованието на мајката.






## ЖЕНИ КОИ ПОСЕТУВААТ ЛЕКАР БАРЕМ 4 ПАТИ ЗА ВРЕМЕ НА БРЕМЕНОСТА

УНИЦЕФ и СЗО препорачуваат минимум четири антенатални посети за да го заштитат здравјето и благосостојбата на мајката и на бебето. Бројките покажуваат дека жените од Ромските заедници и жените Албанки поретко посетуваат лекар во споредба со жените Македонки.




ОПИС ■ Национален примерок ■ Ромски населби

## Право на здравје и исхрана

### МЛАДИ ЖЕНИ НА ВОЗРАСТ ОД 15 ДО 19 КОИ РЕДОВНО КОРИСТАТ ТУТУН




Тутунот е познат ризик фактор на многу смртоносни заболувања. Бројките покажуваат дека младите жени во Ромските населби пушат два пати повеќе во споредба со националниот примерок. Секоја петта млада Ромка на возраст од 15 до 19 години е пушач.




### МЛАДИ ЖЕНИ НА ВОЗРАСТ ОД 15 ДО 19 ГОДИНИ КОИ РЕДОВНО КОНСУМИРААТ АЛКОХОЛ

Неумерената употреба на алкохол исто така го зголемува ризикот од здравствени проблеми. За разлика од случајот со пушењето, бројките покажуваат дека младите жени во Ромските населби конзумираат помалку алкохол во споредба со националниот примерок.

### ЖЕНИ НА ВОЗРАСТ 15-49 КОИ РЕДОВНО ПУШАТ

Бројките покажуваат дека пропорцијата на жени кои пушат расте со возраста. Ако се погледне во пошироката возрасна група од 15 до 49 години, ќе се види дека 30 отсто од жените изјавиле дека редовно пушат. Бројките исто така покажуваат дека процентот на жени во националниот примерок кои пушат расте со богатството на домаќинството. Но во Ромските населби е обратно, пушењето се намалува со растот на богатството на домаќинството.




### ЖЕНИ НА ВОЗРАСТ 15-49 КОИ РЕДОВНО КОНСУМИРААТ АЛКОХОЛ




Бројките покажуваат дека консумирањето алкохол на некој начин зависи од богатството на домаќинството. На ниво на национален примерок пет пати е поголема веројатноста жените од најбогатата група да консумираат алкохол отколку жените од најсиромашната група.

ОПИС ■ Национален примерок ■ Ромски населби

## ЖЕНИ КОИ ПУШАТ ЗА ВРЕМЕ НА БРЕМЕНОСТА




Национален примерок




Ромски населби

Рашireноста на пушењето, особено за време на бременоста претставува значаен здравствен проблем. Бројките покажуваат дека секоја четврта жена пуши за време на бременоста.



ОПИС ■ Национален примерок ■ Ромски населби



## ДЕЦА РОДЕНИ СО НИСКА РОДИЛНА ТЕЖИНА

Ниската родилна тежина (помалку од 2,500 грама) носи многу сериозни ризици за здравјето на детето. Бебињата кои биле недоволно хранети во матката се соочуваат од зголемен ризик од умирање во текот на првите месеци и години од животот. Бројките покажуваат дека веројатноста да се роди дете под 2,500 грама во Ромските населби е два пати поголема  отколку на ниво на национален примерок.

ПРОЦЕНТ НА РАЃАЊА
ПОД 2,500 ГРАМА



## ДЕЦА КОИ ГИ ПРИМИЛЕ СИТЕ ПРЕПОРАЧАНИ ВАКЦИНИ

Бројките покажуваат дека над 90% од децата ги примиле сите препорачани вакцини. Децата во Ромските населби се со малку помала веројатност да ги примат сите вакцини во споредба со децата од националниот примерок.




**ИСХРАНА**

## ДОЕНИ ДЕЦА

ВО ПРВИОТ ЧАС ОД РАЃАЊЕТО

**21%**



ЕКСКЛУЗИВНО ВО ПРВИТЕ ШЕСТ МЕСЕЦИ ОД ЖИВОТОТ

**23%**



Доењето ги заштитува децата од инфекции, обезбедува идеален извор на хранливи состојки, економично е и безбедно. Сепак, многу мајки прерано престануваат со доењето и се често под притисок да прејдат на замени за мајчино млеко. УНИЦЕФ и СЗО препорачуваат доењето да започне во првиот час од раѓањето и доењето да биде ексклузивно (без дополнителни течности и исхрана) во првите шест месеци. Бројките покажуваат дека и покрај тоа што над 90 отсто од децата кои биле родени во последните две години биле доени во одреден период , оние што за првпат биле подоени во првиот час од раѓањето и што биле ексклузивно доени до шестиот месец од животот се малубројни.




## ДЕЦА ПОД ПЕТ ГОДИНИ КОИ СЕ ПРЕНИСКИ ЗА СВОЈАТА ВОЗРАСТ

Кога децата се прениски за својата возраст тоа е знак на хронична потхранетост предизвикана од недоволна и несоодветна исхрана. Бројките покажуваат дека на национално ниво застапеноста на потхранети деца не е голема. Но во Ромските населби има голема застапеност на деца за кои се смета дека се прениски за својата возраст.

ОПИС ■ Национален примерок ■ Ромски населби

# Право на Инклузивно, квалитетно образование

**РАН ДЕТСКИ РАЗВОЈ**

## ДЕЦА НА ВОЗРАСТ ОД 36 ДО 59 МЕСЕЦИ КОИ ПОСЕТУВААТ ПРОГРАМИ ЗА РАН ДЕТСКИ РАЗВОЈ

Во земјата се обезбедуваат програми за ран детски развој само преку програмите во градинките кои ги финансира државата и во мал број центри за ран детски развој. Со оглед на тоа што услугите се пружаат пред се во градовите, децата на кои најмногу им требаат вакви услуги немаат можност да ги добијат.




## ДЕЦА НА ВОЗРАСТ ОД 36 ДО 59 МЕСЕЦИ КОИ ИМААТ ПОВЕЌЕ ОД ТРИ ДЕТСКИ КНИГИ ВО ДОМОТ




Детето кое расте опкружено со книги има можност подобро да се запознае со светот на пишаниот збор. Освен тоа, истражувањата потврдуваат дека децата кои растеле во дом во кој имало книги имаат повеќе шанси да постигнат успех на училиште. Бројките покажуваат дека секое второ дете нема повеќе од три книги и дека децата во Ромските населби, децата кои живеат на село и децата Албанци имаат помала веројатност да бидат изложени на книги во споредба со националниот примерок.

ОПИС ■ Национален примерок ■ Ромски населби



## ДЕЦА НА ВОЗРАСТ ОД 36 ДО 59 МЕСЕЦИ КОИ СЕ РАЗВИВААТ ДОБРО ВО ОДНОС НА ЧЕТИРИ ДОМЕНИ НА РАЗВОЈ

Усвојувањето на вербалните и нумерички вештини, физичкиот раст, социо-емоционалниот развој и подготвеноста за учење се значајни домени за целокупниот развој на децата. Скоро сите деца (национален примерок и Ромски населби) се развиваат добро во однос на физичкиот развој и подготвеноста за учење, до некоја мера и во социо-емоционалниот развој. Но многу послаб е развојот во однос на усвојувањето на вербалните и нумеричките вештини.




**ОБРАЗОВАНИЕ**

## ДЕЦА НА ВОЗРАСТ ЗА ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ КОИ ПОСЕТУВААТ ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ




## ДЕЦА КОИ ПОСЕТУВААТ СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ




Бројките покажуваат дека повеќе од половина млади кои се на возраст за средно образование во Ромските населби не посетуваат средно образование. Исто така помала е веројатноста девојчињата од Ромските населби и девојчињата Албанки да посетуваат средно образование отколку момчињата.

ОПИС ■ Национален примерок ■ Ромски населби

**Право на заштита од насилство, експлоатација и злоупотреба**

## ДИСЦИПЛИНИРАЊЕ НА ДЕЦАТА

Бројките покажуваат дека релативно мал процент родители верува дека во воспитувањето на децата е потребно казнување. Во пракса, многу повеќе од нив применуваат физичко казнување како метод на дисциплинирање.

## РОДИТЕЛИ КОИ СЕ СОГЛАСУВААТ ДЕКА Е ПОТРЕБНО ФИЗИЧКО КАЗНУВАЊЕ ВО ВОСПИТУВАЊЕТО НА ДЕЦАТА НА ВОЗРАСТ ОД 2 ДО 14 ГОДИНИ

| | РОДИТЕЛИ КОИ СЕ СОГЛАСУВААТ | ДЕЦА КОИ СЕ ФИЗИЧКИ КАЗНУВАНИ |
|---|---|---|
| Национален примерок | 3% | 52% |
| Македонци | 2% | 53% |
| Албанци | 4% | 51% |
| Ромски населби | 10% | 62% |



## ДЕЦА НА ВОЗРАСТ ОД 2 ДО 14 ГОДИНИ КОИ ПРЕТРПЕЛЕ ФИЗИЧКА ИЛИ ПСИХИЧКА АГРЕСИЈА КАКО МЕТОД НА КАЗНУВАЊЕ СПОРЕД ВОЗРАСТ



БИЛО КАКОВ НАСИЛЕН МЕТОД НА ДИСЦИПЛИНИРАЊЕ




ОПИС ■ Национален примерок ■ Ромски населби

## ДЕВОЈЧИЊА НА ВОЗРАСТ ОД 15 ДО 19 ГОДИНИ КОИ СЕ МАЖЕНИ ИЛИ ЖИВЕАТ ВО ЗАЕДНИЦА



| Навионален примерок | Македонки | Албанки | Ромски населби |
|---|---|---|---|
| 4% | 2% | 6% | 22% |

Малолетничките бракови претставуваат кршење на човековите права со кое се загрозува менталниот и физичкиот развој на девојчињата и често резултира со предвремено забременување и социјална изолација. Бројките покажуваат дека секоја петта девојка во Ромските населби на возраст од 15 до 19 години е во брак или живее во заедница.

## ЖЕНИ КОИ ВЕРУВААТ ДЕКА Е ОПРАВДАНО МАЖОТ ДА ЈА ТЕПА СВОЈАТА ЖЕНА






Културолошките верувања дека е оправдано сопругот да ја тепа својата жена се чини дека се поврзани со застапеноста на насилство врз жените од страна на нивните сопрузи/партнери. Основна претпоставка овде е дека жената која се согласува со ставот дека е оправдано сопругот/партнерот да ја тепа својата жена во одредени ситуации исто така би се согласила да биде злоставувана од својот маж. Бројките покажуваат дека има многу поголема веројатност жените Албанки, жените од Ромските населби и жените кои живеат на село да го оправдаат сопругот кој ја тепа жената во споредба со националниот примерок.

## ОДНОС КОН ЖИВОТОТ НА МЛАДИТЕ ЖЕНИ

### МЛАДИ ЖЕНИ КОИ ВЕРУВААТ ДЕКА НИВНИОТ ЖИВОТ СЕ ПОДОБРИЛ ВО ПОСЛЕДНАТА ГОДИНА И ОЧЕКУВААТ ДА БИДЕ ПОДОБАР

Задоволството од животот е мерка на личната перцепција за степенот на сопствената благосостојба. Бројките покажуваат дека повеќе млади жени изразуваат оптимизам во однос на иднината.







ОПИС ■ Национален примерок ■ Ромски населби



unicef